Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

# Е-МАПАС
# БР.50

# ПРИНОСИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ НА 31.12.2023 ГОДИНА

ОКТОМВРИ 2024 ГОДИНА

Средствата на пензиските фондови ги сочинуваат уплатените придонеси и приносите од инвестираните придонеси на членовите и на пензионираните членови, намалени за наплатените надоместоци.

Во регулативата се дефинирани инвестициските цели и принципи, како и видовите на инструменти во кои можат да се вложуваат средствата на пензиските фондови. Пензиското друштво е должно, средствата на пензискиот фонд да ги инвестира во согласност со законските и подзаконските одредби и со својата инвестициона стратегија и тактика. Остварувањето на позитивни резултати (приноси) од инвестирањето на средствата во капитално финансираното пензиско осигурување се главен двигател на растот на пензиските средства.

Уплатениот придонес во пензискиот фонд се конвертира во сметководствени единици според вредност на сметководствената единица на денот на кој се уплатува во зависност од фондот во кој членува осигуреникот.

Како основен показател за перформансите на портфолиото на пензискиот фонд е движењето на вредноста на сметководствената единица , односно остварената стапка на принос од инвестирањето на средствата на пензиските фондови. Се утврдува и пресметува во номинален и реален износ за претходните 7 години. Приносот на пензискиот фонд во номинален износ претставува процентуалната промена на вредноста на сметководствената единица за период од 7 години конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос во номинален износ. Приносот во реален износ за период од 7 години конвертиран во еквивалентна годишна стапка на принос во реален износ претставува стапката на принос во номинален износ корегирана за промената на нивото на трошоците на живот во пресметковниот период.

**ПЕНЗИОНИРАЊЕТО Е ПРАЗЕН ЛИСТ ХАРТИЈА. ТОА Е ШАНСА ДА ГО РЕДИЗАЈНИРАТЕ ВАШИОТ ЖИВОТ ВО НЕШТО НОВО И РАЗЛИЧНО.**

**PATRICK FOLEY**

**ЗА МНОГУМИНА, ПЕНЗИОНИРАЊЕТО Е ВРЕМЕ ЗА ЛИЧЕН РАСТ, КОЈ СТАНУВА ПАТ КОН ПОГОЛЕМА СЛОБОДА.**

**ROBERT DELAMONTAGUE**

Во продолжение се остварените приноси на задолжителните и доброволните пензиски фондови на 31.12.2023 година:

Приноси на задолжителни пензиски фондови([1])
31.12.2023

| ЗПФ | Период | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | последни 12 месеци | | ануелизиран за последни 7 години | | ануелизиран од почеток на работа | |
| | 31.12.2022 - 31.12.2023[4)] | | 31.12.2016 - 31.12.2023[2)] / 30.06.2019 - 31.12.2023[3)] | | Почеток - 31.12.2023[4)] | |
| | Во номинален износ | Во реален износ | Во номинален износ | Во реален износ | Во номинален износ | Во реален износ |
| САВАз | 8.11% | 4.33% | 5.12% | 0.51% | 5.33% | 2.24% |
| КБПз | 7.27% | 3.53% | 5.23% | 0.63% | 5.54% | 2.44% |
| ТРИГЛАВз | 6.95% | 3.22% | 3.40% | -2.76% | 3.26% | -2.61% |
| **Просечен принос[5)]** | **6.57%** | **2.85%** | **4.63%** | **0.05%** | **5.23%** | **2.14%** |

[1)] Приносот на индивидуалната сметка е променлив и зависи од приносот на задолжителниот пензиски фонд и од надоместоците наплатени од друштвото.
[2)] Приносот се пресметува на годишна основа за претходните 84 месеци. По исклучок, доколку фондот постои пократко од 84 месеци, но подолго од 12 месеци, приносот се пресметува на крајот на кварталот, за период од првиот јуни односно декември по основањето на фондот до крајот на кварталот кога се прави пресметката.
[3)] Приносот на ТРИГЛАВз се пресметува за периодот 30.06.2019 - 30.09.2023 бидејќи фондот постои пократко од 84 месеци, но подолго од 12 месеци.
[4)] Дополнително приносот се пресметува за претходните 12 месеци и на годишна основа од почетокот на работа на пензискиот фонд.
[5)] Просечниот принос се пресметува преку просечната вредност на сметководствените единици.
Просечната вредност на сметководствените единици се пресметува како пондериран просек на сметководствените единици на задолжителните пензиски фондови во однос на нето-средствата на задолжителните пензиски фондови што работат на соодветниот датум.

([1]) Една сметководствена единица претставува пропорционален дел од вкупните нето-средства на пензискиот фонд

Приноси на доброволни пензиски фондови([1]) 31.12.2023

| ДПФ | Период | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | последни 12 месеци | | ануелизиран за последни 7 години | | ануелизиран од почеток на работа | |
| | 31.12.2022 - 31.12.2023[5)] | | 31.12.2016 - 31.12.2023[2)] / 30.06.2021 - 31.12.2023[3)] / 31.12.2022 - 31.12.2023[4)] | | Почеток [6)] - 31.12.2023[5)] | |
| | Во номинален износ | Во реален износ | Во номинален износ | Во реален износ | Во номинален износ | Во реален износ |
| САВАд | 8.46% | 4.67% | 5.32% | 0.71% | 5.68% | 2.62% |
| КБПд | 6.46% | 2.74% | 4.81% | 0.22% | 5.59% | 2.47% |
| ТРИГЛАВд | 6.37% | 2.66% | 3.01% | -6.16% | 2.90% | -5.99% |
| ВФПд | 8.20% | 4.42% | 8.20% | 4.42% | 5.87% | 2.44% |
| **Просечен принос[7)]** | **6.79%** | **3.06%** | **4.89%** | **0.30%** | **5.47%** | **2.42%** |

[1]) Приносот на индивидуалната сметка е променлив и зависи од приносот на доброволниот пензиски фонд и од надоместоците наплатени од друштвото.
[2]) Приносот се пресметува на годишна основа за претходните 84 месеци. По исклучок, доколку фондот постои пократко од 84 месеци, но подолго од 12 месеци, приносот се пресметува на крајот на кварталот, за период од првиот јуни односно декември по основањето на фондот до крајот на кварталот кога се прави пресметката.
[3]) Приносот на ТРИГЛАВд се пресметува за периодот 30.06.2021 - 30.09.2023 бидејќи фондот постои пократко од 84 месеци, но подолго од 12 месеци.
[4]) Приносот на ВФПд се пресметува за периодот 31.12.2022 - 31.12.2023 бидејќи фондот постои пократко од 84 месеци, но подолго од 12 месеци.
[5]) Дополнително, приносот се пресметува за претходните 12 месеци и на годишна основа од почетокот на работа на пензискиот фонд.
[6]) Во пресметката за почетокот на работа на САВАд се зема 31.7.2009, на КБПд се зема 31.12.2009 и на ВФПд се зема 31.10.2022.
[7]) Просечниот принос се пресметува преку просечната вредност на сметководствените единици.
Просечната вредност на сметководствените единици се пресметува како пондериран просек на сметководствените единици на доброволните пензиски фондови во однос на нето-средствата на доброволните пензиски фондови што работат на соодветниот датум.

На следниот ***линк*** можете да ги погледнете остварените приноси на пензиските фондови

Надоместоци

За вршење на своите функции за управување со средствата на пензиските фондови, проценка на средствата, зачленување, водење на сметките на членовите и известување на членовите, како и за плаќање на надоместоците за МАПАС, ФПИОСМ и за чуварот на имот и покривање на сопствените трошоци, друштвата, во согласност со законската регулатива, од членовите на пензискиот фонд може да ги наплатуваат единствено следниве надоместоци:

1. Надоместок од придонеси 1,9% за 2023 год. и 1,8% за 2024 год. како процент од секој уплатен придонес на членовите на задолжителен пензиски фонд пред тие парични придонеси да бидат претворени во сметководствени единици на пензискиот фонд. Сава пензија плус и КБ Прв доброволен пензиски фонд наплатуваат 2,5% за доброволниот пензиски фонд, а Триглав доброволен пензиски фонд и ВФП отворен пензиски фонд наплатуваат 2,9% за членовите на доброволниот пензиски фонд. Пензиското друштво наплатува и помали надоместоци за членови на професионални пензиски шеми во доброволен пензиски фонд, различни од наведените.
2. Месечен надоместок од 0,03% од вредноста на вкупните нето средства на задолжителен пензиски фонд и 0,075% за доброволен пензиски фонд за покривање на трошоците на друштвото, за управувањето со пензискиот фонд или надоместок за управување со средства.
3. Надоместок за премин (еднократен надоместок) во случај на пренос на средствата во друг пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд:
   - пократкo од 720 дена во втор столб, надомест од 15 евра во денарска противвредност и
   - пократкo од 360 дена во трет столб пред да премине во идниот фонд, надомест од 10 евра во денарска противвредност.

Од средствата на пензискиот фонд се плаќаат и трансакциони провизии во врска со трансакциите за стекнување или пренос на средствата на пензискиот фонд.
Сите други трошоци во врска со управување со пензиските фондови што не се покриени со провизии, надоместоци или давачки утврдени во закон, се на товар на друштвото кое управува со тој пензиски фонд.

На следниот ***линк*** можете да ги погледнете надоместоците кои ги наплатуваат друштвата.

## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ХРВАТСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ УСЛУГИ (ХАНФА)

Во рамките на предвидените активности кон стратегиската цел – Подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, на 10 јули 2024 година беше гостин на Хрватската агенција за супервизија на финансиските услуги (Ханфа) во Република Хрватска.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***




## МАПАС СПРОВЕДЕ ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ИНФОРМИРАНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС спроведе истражување за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови, во текот на месец мај и јуни 2024 година, како дел од предвидените активности кон стратегиската цел – Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста. Истражувањето за потребите на МАПАС го изврши Друштвото за маркетинг и консалтинг МАРКЕТ ВИСИОН ДООЕЛ Скопје.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

## ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА НА МАПАС ЗА ПОЗИТИВНО ОПШТЕСТВЕНО ВЛИЈАНИЕ

Како општествено одговорната институција Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, ја продолжуваме традицијата на собирни акции, со што сакаме да ги инспирираме и да биеме позитивен пример за другите институции и компании да се вклучат во хумантирани акции и да се создаде позитивно општествено влијание.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

## АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД НАРОДНА БАНКА НА СЛОВАЧКА И ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Во рамките на предвидените активности кон стратегиската цел за подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, на 11 и 12 септември 2024 година беше домаќин на претставници од Народната банка на Словачка.




За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

**ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)**
**Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**Тел: (02) 3224 229**
**www.mapas.mk**

МКД СЕРТИФИКАТ
**МКС EN ISO 9001:2009**

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001